ГРАЃАНСКА ПЛАТФОРМА НА МАКЕДОНИЈА

МЦМС



# МРЕЖИТЕ И КОАЛИЦИИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА

*општи трендови*

ГРАЃАНСКА ПЛАТФОРМА НА МАКЕДОНИЈА

МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

МЦМС

# МРЕЖИТЕ И КОАЛИЦИИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА

*-ОПШТИ ТРЕНДОВИ –*

НАТАША ГАБЕР - ДАМЈАНОВСКА

СКОПЈЕ, ЈУНИ 2007 Г.

**Издавач**

Македонски центар за меѓународна соработка

**За издавачот**

Сашо Клековски

*Извршен директор*

**Уредник**

Даниела Стојанова

**Автор**

Наташа Габер - Дамјановска

**Лектура**

Даниел Медароски

**Дизајн и подготовка**

Toka Internacional

**Печати**

Tringa Design

**Тираж:**

800

Copyright © 2007 Македонски центар за меѓународна соработка (МЦМС), Скопје. Сите права се задржани.

Овој извештај е овозможен благодарејќи на Европската агенција за реконструкција преку финансирањето од Европската унија.

Мислењата што се овде изразени им припаѓаат на авторот и не ги одразуваат ставовите на Македонскиот центар за меѓународна соработка и на членките на Граѓанската платформа на Македонија ниту на Европската агенција за реконструкција.

# СОДРЖИНА

Предговор……………………………………………………………………………5

Вовед……………………………………………………………………………………6

Методолошки пристап…………………………………………………………6

Членство во сојузи………………………………………………………………6

Структура на сојузите……………………………………………………………9
Вредности кои ги практикува сојузот
(демократија, јавност, одговорност)………………………………………17

Односи со други актери………………………………………………………21

Слаби и јаки страни на сојузот……………………………………………25

Влијание на сојузите……………………………………………………………32

Општи познавања за сојузите………………………………………………40

Граѓанска платформа на Македонија……………………………………48

Заклучоци……………………………………………………………………………54

Препораки……………………………………………………………………………57

# ЛИСТА НА КРАТЕНКИ

АДИ: Асоцијација за демократски иницијативи

ГПМ: Граѓанска платформа на Македонија

ДЕМ: Движење на екологистите на Македонија

ЗИОМ: Заедница на инвалидските организации на Македонија

ЈИЕ: Југоисточна Европа

МЖЛ: Македонско женско лоби

МЦМС: Македонски центар за меѓународна соработка

СОЖМ: Национален совет на жените во Македонија

ФИООМ: Фондација Институт отворено општество - Македонија

ЦИРа: Центар за институционален развој

# ПРЕДГОВОР

Публикацијата ***„Мрежите и коалициите во Македонија"*** претставува презентација на наодите и заклучоците од истражувањето кое го спроведе Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) во првиот квартал од 2007 година преку анкетен прашалник со граѓански организации. Оваа публикација има за цел да ги констатира состојбите на полето на меѓусебната соработка и мрежното работење на граѓанските организации, создавајќи основа за следните чекори на градење капацитети за вмрежување и партнерство.

Соработката, партнерствата и вмрежувањето се актуелни теми кои сè повеќе се наметнуваат во расправата за граѓанското општество и неговите напори да биде поефективно и да остварува поголемо влијание врз општествените текови. Ефективното мрежно работење е битен сегмент од социјалниот капитал на секоја организација и станува сè позначајно, и тоа и на национално и на меѓународно ниво во контекстот на новите предизвици кои претстојат на нашата земја. За граѓанските организации е сè позначајно да ги здружуваат своите напори, знаења и сè поограничените ресурси.

Затоа е важно да се истражат и анализираат практиките на вмрежување и соработка за да може да се научи од нив. Првите такви обиди МЦМС ги направи како дел од истражувањето Индекс за граѓанското општество во Република Маке-донија. Сепак, истражувачкиот тим тогаш се соочи со недостаток на доволно податоци. Ова публикација е прв обид оваа тема да се истражи посеопфатно.

МЦМС ја подготви оваа публикација во рамките на проектот „Истражување за мрежи, коалиции и чадор - организации", кој е дел од Програмата на Граѓанската платформа на Македонија (ГПМ) 2006-2007 „Национална платформа/форум на граѓанското општество", поддржана со фондови на Европската Унија преку Европската агенција за реконструкција.

**Сашо Клековски**,
*Извршен директор*

# ВОВЕД

## МЕТОДОЛОШКИ ПРИСТАП

Здружувањето на организациите активни во граѓанскиот сектор досега не било предмет на пофокусирано истражување, кое би дало слика за досегашните трендови и состојби, како и на можностите за иден развој. Со цел да се согледаат состојбите во оваа област, остварено е истражување од страна на Македонскиот центар за меѓународна соработка во првиот квартал од 2007 година. Во примерокот се опфатени 88 организации кои членуваат или членувале во различни видови сојузи и кои прифатиле да го дадат својот придонес во опишувањето на состојбите при пополнувањето на анкетниот прашалник.

Иако статистиката говори дека во Република Македонија постојат околу 200 вакви сојузи, сепак, репрезентативноста за ова истражување е обезбедена бидејќи некои од анкетираните организации членуваат во повеќе сојузи, така што опфатноста е поголема од погоренаведената. При пополнувањето на прашалникот на анкетираните им беше дадена можност да го дадат своето мислење за најмногу до три сојузи во кои членувале (сојуз А, Б и В), и тоа во рамките на неколку батерии-прашања. Во подолунаведените трендови во најголем дел одговорите се однесуваат на првона-ведените сојузи. Дополнително, на места се коментираат и збирно сите сумарни согледувања од сите наведени сојузи. На прашањата каде е воочлива и индикативна разликата во однос на општата дистрибуција, се коментираат и некои вкрстени одговори добиени во анкетата. Следува преглед на добиените резултати.

## ЧЛЕНСТВО ВО СОЈУЗИ[1]

Во моментот на реализација на анкетата две третини (или **66%**) од организациите навеле дека членуваат во **мрежи** (и/или унии, федерации) додека 1/3 (или **37%**) навеле дека членуваат во **коалиции**. Овој податок наведува дека *членувањето се базира на поцврсти или пофо-*

1 Во овој текст терминот „сојуз" ќе ги подразбира сите типови на здружување на граѓанските организации, терминолошки изразени како мрежи, алијанси, унии, коалиции, федерации и сл. Иницијалната причина заради која се користи овој термин е неговото користење во актуелниот Закон за здруженија на граѓани и фондации.

*рмални односи во над половината од организациите, додека коалицирањето според афинитет или интерес е второстепена посакуваност*. Околу 7% *од опфатените организации моментално воопшто не членуваат во таква организација* и затоа овој процент се среќава за оваа група организации и подолу во одговорите на другите прашања. Како причини за нивното нечленување, овие организации навеле дека: условите за членување не биле созреани, или дека оценуваат дека ваквите сојузи немаат цел и не функционираат, или дека не постои иницијатива за нивно формирање.

На прашањето во каков вид здружување организациите биле (или се) вклучени (или на која основа се остварило здружувањето), добиени се следните одговори: секоја втора организација (**55%**) навела дека здружувањето било според *заедничка целна група* на која се посветени активностите (на пример, жени, млади, етнички заедници и сл.), а другата третина (или **38%**) се здружувала според *заедничкото поле на дејствување* (на пример, заштита на животната средина, определени болести и сл.). Само **7%** од организациите се здружуваат според *струката или професијата* која ја имаат членовите.

**Графикон 1. Основа на здружување**




Значителен дел од организациите (околу **40%**) членуваат само во *еден сојуз*. Но, поголемиот дел од организациите членуваат во *две или повеќе мрежи* или сојузи (**вкупно 48%**), и тоа со членство во две - **15%,** во три - **16%** и во повеќе од три - **17%.** Овој тренд е индикација дека лицата активни во овој сектор и практично ја покажуваат својата потреба од изнаоѓање партнери за соработка, поддршка и поуспешно промовирање на сопствените интереси. Расположеноста за ваквото меѓусебно поврзување претставува добра основа за понатамошна интерна комуникација и, пред сè, можност за поквалитетна артикулација на заедничките интереси.

Вкрстените податоци покажуваат интересни трендови по ова прашање. Имено, организациите кои изјавиле дека членуваат во три сојуза поизразено се присутни во групата на оние кои дејствуваат на регионално (26%) и на локално (23%) ниво и чија централа се наоѓа во рурална средина (45%). Од друга страна, организациите кои изјавиле дека членуваат во повеќе од три сојуза понагласено се активни на национално (26%) и на регионално (27%) ниво, но во оваа група се посебно присутни оние чија централа е во градска средина (27%).

Другите организации опфатени со оваа анкета во моментот не членуваат во ниеден сојуз. Како причини за нивното нечленување некои од нив навеле дека условите за тоа не биле созреани, или дека не постоела иницијатива за коалиции или дека не постоела заедничка целна група која би била причина за здружување.

Во однос на тоа во кои сојузи конкретно членуваат испитаниците што беа опфатени со оваа анкета, сумарните податоци покажуваат дека најчесто споменуван е СОЖМ (13 организации) и ДЕМ (7 организации).

## ЗАКЛУЧОЦИ:

*Формалното вмрежување е почеста карактеристика на сојузите отколку коалицирањето по различни прашања и/или интереси.*

*Секој втор сојуз се здружува врз основа на посветување на активностите на заедничка целна група, а една третина од сојузите определуваат заедничко поле на дејствување.*

*Околу половината од постојните организации членуваат во повеќе од еден сојуз (во опсег од членување во два, па сѐ до над три сојуза), а другите членуваат само во еден.*

# СТРУКТУРА НА СОЈУЗИТЕ

Збирно прикажувајќи ги сите организации кои навеле дека членуваат *барем во еден* сојуз, може да се заклучи дека близу две третини од овие сојузи (или **57%**) тежнеат ваквото здружување да го формализираат преку реги-стрирање правно лице за таа намена. Освен тоа, секој десетти сојуз (**10%**) е основан формално (со евентуално потпишување заедничка платформа, со постојни процедури и системи и сл.), а **4%** се од неформален карактер (устен договор, спонтано поврзување, без воспоставена структура и сл.). Без одговор на ова прашање останаа извесен дел од организациите (1/3 или 29%). Исто така, гледајќи ги сите евидентирани сојузи кои ги навеле организациите-уче-снички во анкетата, може да се заклучи дека формалното регистрирање на сојузот е доминантна посакуваност на членките.

**Графикон 2. Статус на здружувањето**




Вкрстените податоци покажуваат дека сојузите кои почесто посакуват да бидат регистрирани како правни лица, дејствуваат на национално (67%) и на регионално (73%) ни-во.

Во однос на опсегот на дејствување на сојузот, повеќе од една половина од организациите (**53%**) дејствуваат на *национално ниво*, **9%** на меѓународно, по **3%** на локално, **7%** на домашно регионално ниво и **8%** на меѓународно регионално ниво (Балкан и ЦИЕ). Помал процент на сојузи (**3,4%**) дејствуваат *и на национално и на меѓународно ниво*. Без одговор на ова прашање се 16% од организациите.

**Графикон 3. Ниво на делување на сојузите**




Околу **41%** од сојузите во својата мрежа вклучуваат и организации (правни лица) и индивидуални членови (физички лица), додека сличен процент на сојузи **(37,5%)** немаат такви членови. Без одговор на ова прашање се 21,5% од организациите. Вклучувањето на индивидуални членови во сојузите е почесто од општиот просечен случај кај регистрираните (46%) и формалните (55%) сојузи.

На прашањето која е улогата на анкетираната организација во сојузот, добиено е големо шаренило од одговори. Конкретно, близу **27%** од организациите изјавиле дека се само членки, други **27%** се членки на управен одбор, комитет, претседателство и сл., а **12,5%** се членови на собранието или на советот. Лидери или претседавачи се **4,5%** од организациите, а секретаријати **1%**. Околу **15%** од другите сојузи навеле разни комбинации на претходнонаведените одговори, бидејќи некои се истовремено членки на УО и на собранието, или на собранието и на секретаријатот, или се членови на УО на собрание, но истовремено и претседавачи и сл. Без одговор се 12,5% од организациите.

Доминантен дел **(84%)** од организациите кои навеле дека членуваат барем во еден сојуз навеле дека тие сојузи имаат *назначено секретаријат или извршна канцеларија* од каде се координираат активностите и/или се разменуваат информациите. Околу **2%** од испитаните организации *немаат назначено вакво тело*, додека останатите 14% не дале одговор на ова прашање. Ако збирно се погледнат *сите наведени сојузи*, евидентно е дека *над половината* од сите нив имаат назначено секретаријат или извршна канцеларија за да ги извршува задачите назначени од сојузот.

**Графикон 4. Дали сојузот има секретаријат, извршна канцеларија (за координација, размена на информации и сл.)?**




Назначувањето секретаријат на сојузот е особено присутно кај регистрираните (95%) и формално основаните (90%) сојузи.

Две третини од овие првонаведени секретаријати или извршни канцеларии (или **60%**) се наоѓаат во *Скопје*, додека **17%** во *друг поголем град* (над 50.000 жители). Околу 8% од овие канцеларии се наоѓаат во помали градови, а само 1% во рурални општини. Без одговор на ова прашање се 14% од организациите. Ваквиот тренд се провлекува збирно кај сите наведени сојузи, бидејќи главниот град на Република Македонија е повторно седиште кај *секој втор* наведен сојуз.

**Графикон 5. Седиште на извршна канцеларија / секретаријат**




*Раководителот* на мрежата (сојузот) кај првонаведените сојузи *се менува периодично* кај **половината** од организациите (**или 52%**), додека во **23%** од случаите сојузот се раководи *постојано од една членка*. Во **11%** од случаите сојузот не е раководен од *никоја* од членките на сојузот. Оста-

натите организации (13%) не дале одговор на ова прашање. Трендот на ротација на раководителите на сојузите се задржува кај сите збирно наведени организации.

Причините за различните решенија се мошне разновидни и зависат од ставовите и диспозицијата на членките во сојузот. Така, на **периодичното менување** на водството се гледа како демократско решение за односите во сојузот, со цел да се овозможи поголемо учество на членките во процесот на одлучувањето, но и стимулирање поголема одговорност, информираност и сл. Други сојузи овие односи ги регулираат со заедничкиот статут и правилник, а некои и на стриктно определен период (на пример, ротацијата се изведува на 6 месеци). Ротацијата на други им е важна компонента за обезбедување транспарентност во работењето и заради обезбедување еднакви можности за развој на капацитетите на сите организации-членки.

Други, пак, сметаат дека ако мрежата подолго време се **раководи од една организација**, тој континуитет придонесува кон поголеми и поефикасни резултати. Некои сојузи ваквото решение го прифаќаат заради целисходност на сите проекти кои се работат, заради намалување на трошоците и затоа што „сите централни организации се наоѓаат во Скопје". Меѓу другото, се верува дека допирот со централната власт се остварува подиректно ако централната канцеларија се наоѓа во главниот град.

Но, која е практично улогата на секретаријатот во рамките на сојузот? Кај една третина или **36%** од сојузите секретаријатот ги *координира активностите*, во **32%** од случаите овозможува *размена на информации,* а во **31%** улогата е понагласено *извршна* (се спроведуваат активности, во склад со проектите или програмата).

**Графикон 6. Улога на секретаријатот/извршната канцеларија на сојузите**



Доминантен дел (или **79,5%**) од ваквите секретаријати на прво-наведените сојузи имаат работно ангажирани лица, додека **4,5%** одговориле негативно. Без одговор на ова прашање се 16% од органи-зациите. Ваквиот тренд се задржува и кај сите други збирно наведени сојузи.

Од групата на оние сојузи кои одговориле дека во секретаријатот имаат вработено лице, околу **80%** од нив се платени за нивната работа, а **11%** не. Не знаеле да одговорат на ова прашање 9% од анкетираните организации.

Што се однесува до степенот на задоволството во однос на тоа како се остварува информирањето и координацијата во рамките на сојузот, голем дел (**57%**) од организациите *не дале* никаков одговор. Околу **20%** од организациите се изјасниле дека се задоволни или целосно или делумно. Неколку организации навеле дека најмногу и најредовни информации добивале од МЦМС, а од другите кога бил потребен кворум и сл. Директно споменати како добри мрежи беа оние од СОЖМ и од МЦМС. Останатите своето незадоволство и мислење го искажале и текстуално, во смисла дека комуникацијата отсуствува, или дека односите се поставени на нееднаква основа. Сугестии се и дека потребна е поголема децентрализација на овие сојузи, дека секретаријатите мораат да бидат поагилни во нивната работа, во координирањето и комуницирањето, а и информирањето треба да биде навремено и соодветно. Некои анкетирани се жалат дека внатрешната демократија при донесувањето одлуки во сојузот не е демократска, бидејќи едни исти луѓе постојано одлучуваат. Некаде е наведена потреба од постојано ангажиран персонал за таа намена.

Коментирајќи за вештините на луѓето кои членуваат во раководните тела за постигнување на зацртаните цели на сојузот, половината од анкетираните (**52%**) сметаат дека тие лица имаат соодветни вештини. Други **26%** сметаат дека вештините им се делумно соодветни, а **2%** сметаат дека се делумно несоодветни и **3%** сосема несоодветни. Без одговор на ова прашање се 16% од организациите.

Околу **62,5%** од организациите сметаат дека нивниот првонаведен сојуз е постојано активен, а **21,5%** сметаат дека тој е активен по потреба. Два проценти од организациите сметаат дека нивниот сојуз не е активен, а без одговор на ова прашање се 16% од организациите. Интересно е што иако малубројни наспрема другите, востановените сојузи кои функционираат во руралните средини се многу повеќе од просечното (82%) постојано активни.

**Графикон 7. Активност на сојузите**




Значителен број од првонаведените сојузи **(78%)** имаат подготвено пишана програма за работа. За разлика од нив, **4%** од сојузите не го имаат тоа, додека останатиот дел од организациите не го одговориле ова прашање.

Сојузите кои се во фокус на ова истражување изјавуваат дека најчесто се финансирани од *странски извори* **(29%)**, а потоа следуваат *членарината која е однапред определена* **(18%)**, *владата или други институции* **(17%)**, со *самофинансирање* (членките ги покриваат трошоците) **(14%)**, од *домашните претпријатија* **(8%)**, од *индивидуални донации на граѓани* **(5%)** и од *наплата на услуги* **(3,5%)**.

**Графикон 8. Извори на финансирање на мрежите**



Најголемиот дел од анкетираните (околу **49%**) *не знае колкав бил буџетот на сојузот во изминатата (2005) година*. Други **15%** наведуваат дека буџетот изнесувал *над милион денари*, **11%** имале буџет од пет-стотини илјади до милион денари и **4,5%** од двесте педесет илјади до петстотини илјади денари. Околу **8%** од организациите имаат *најнизок буџет* - до 50.000 денари, а **2%** организации имаат буџет од 50.000 до 100.000 денари и **1%** од 100.000 до 250.000. Сојузи кои не биле активни таа година се околу 9% од сите анкетирани организации. Непознавањето на буџетот на сојузот од страна на значителен дел на испитаниците може да индицира нетранспарентност во финансиското работење на сојузите. Нешто поизразена од просечната вредност е групата на организации со најнизок буџет до 50.000 денари, а кои дејствуваат на национално ниво (13%).

**Графикон 9. Висина на годишен буџет на мрежите**




Процена на околу **37,5%** од анкетираните е дека тој буџет кој моме-нтално го имаат е *делумно соодветен за да ги постигне зацртаните цели,* а околу **13,5%** сметаат *дека тој е соодветен*. Спротивно, одговори кои тежнеат кон негативните оценки покажуваат дека **4,5%** сметаат дека тие средства се делумно несоодветни, а други **9%** дека тие се сосема несоо-дветни. Една третина (35%) од анкетираните организации немаат одго-вор на ова прашање.

## Заклучоци:

*Две третини од овие сојузи тежнеат нивното здружување да го формализираат преку регистрирање правно лице за таа намена.*

*Секој втор сојуз дејствува на национално ниво.*

*Приближно еднаков број сојузи во своето членство вклучуваат и не вклучуваат организации (правни лица) и индивидуални членови (физички лица).*

*Доминантен дел (околу 80%) од организациите кои навеле дека членуваат барем во еден сојуз, имаат назначено секретаријат или извршна канцеларија. Две третини од овие канцеларии се наоѓаат во Скопје. Доминантната функција на секретаријатите на сојузите е подеднакво распределена на координативна, инфор-мативна и извршна. Доминантен дел (или 80%) од секрета-ријатите на првона-ведените сојузи имаат работно ангажирани лица.*

*Лидерството во секој втор сојуз е ротирачко, додека секој петти сојуз се раководи постојано од една членка. Секој петти сојуз се изјаснил дека е задоволен или целосно или делумно од работењето на сојузите генерално, но голем дел од другите анкетирани се резер-вирани (воопшто не дале одговор) или негативно настроени.*

*Претежно, анкетираните сметаат дека луѓето кои членуваат во раководните тела за постигнување на зацртаните цели на сoју-зот имаат соодветни вештини*

*Две третини од анкетираните сметаат дека нивниот прво-наведен сојуз е постојано активен. Значителен дел од прво-наве-дените сојузи (околу 80%) имаат подготвено пишана про-грама за работа.*

*Изворите на финансирање на сојузите се разнородни, но нешто поизразени се странските (странски донатори). Буџетот на сојузот е често „тајна“, но сепак има и такви организации (секоја десетта) чиј буџет се знае дека е над милион денари. Главно, досегашните буџе-ти се сметаат како соодветни на потребите.*

# ВРЕДНОСТИ КОИ ГИ ПРАКТИКУВА СОЈУЗОТ (ДЕМОКРАТИЈА, ЈАВНОСТ, ОДГОВОРНОСТ)

Во **67%** од првонаведените сојузи постои заеднички (општ) правилник за однесување (или друга форма на поставена саморегулација) или етички кодекс. Секој десетти сојуз (**или 11%**) нема таков документ, а останатите не одговориле на ова прашање. Саморегулацијата на меѓусебните односи е најчест тренд во сите наведени сојузи по ова прашање. Вкрстените податоци прикажуваат дека саморегулацијата е особено присутна кај формално регистрираните (76%) сојузи и кај оние што се активни на регионално (75%) ниво.

**Графикон 10. Заеднички правилник за однесување или етички кодекс**




Најголемиот дел од работата на сојузите **(79,5%)** се одвива врз база на прифатени (изгласани) документи (статути, правилници и сл.). Осум **(8%)** проценти од организациите немаат донесено таков документ, а другите 12,5% не одговориле на ова прашање. Ваквиот тренд провејува низ сите наведени сојузи.

Ваквите прифатени (изгласани) документи (статути, правилници и сл.) се натпросечно присутни кај регистрираните (90%) сојузи и кај оние што се активни на национално (85%) ниво. Наспроти тоа, негативниот одговор почесто се решава кај неформалните (75%) сојузи.

Во сличен процент како и претходното прашање **(76%)** првонаведените сојузи *имаат изградени критериуми за членство. Секој десетти*

сојуз (**10%**) нема такви критериуми, а 14% немаат одговор на ова прашање. Ваквиот тренд провејува низ сите наведени сојузи.

На прашањето дали овие постојни критериуми *се применуваат и почитуваат*, **60%** од првонаведените сојузи одговориле потврдно, а **11%** сметаат дека тие се применуваат *селективно*. Во **4,5%** од одговорите се среќава размислувањето дека *во сојузот доминираат мал број членки,* а **3%** веруваат дека овие правила *воопшто не се почитуваат*. Останатите 20% од членките не одговориле на ова прашање. Ваквиот тренд провејува низ сите наведени сојузи.

Сојузите најчесто **(66%)** своите лидери ги избираат врз база на однапред определени критериуми, а тоа не се случува кај **15%** од случаите. Околу 19% од анкетираните не знаеја да одговорат на ова прашање. Ваквиот тренд провејува низ сите наведени сојузи.

Во над половината од случаите **(54%)** *критериумите* за избор на членови во раководните тела на сојузите *се почитуваат*. Во близу **16%** од сојузите правилата се *почитуваат и применуваат селективно*, а во **6%** од одговорите анкетираните велат дека во сојузите *доминираат мал број членки*. Кај *мал дел* од сојузите **(2%)** се смета дека зацртаните правила *воопшто не се почитуваат*. Останатите организации (21,5%) не одговориле на ова прашање.

**Графикон 11. Почитување и примена на критериумите за избор на телата и органите**




Над половината од сојузите **(58%)** ги избираат своите раководители или лидери, како и другите раководни тела (претседателство, управен одбор, комитет) преку *одржани избори од страна на нивните членови*. Други **18%** од сојузите своите раководители и органи ги избираат со *назначување од страна на одредено тело,* **3%** на *поинаков начин*, а **2%** од

организациите *воопшто немаат лидерство*. Околу 18% од анкетираните немаат одговор по ова прашање.

Половината **(51%)** од анкетираните сојузи сметаат дека членките имаат *значително влијание* при донесувањето одлуки, а **19%** дека *имаат извесно влијание (делумно значително)*. Други **7%** сметаат дека нивното влијание е *незначително* или **4%** дека е *делумно незначително*. Останатите организации (19%) не одговориле на ова прашање.

Четириесет **(40%)** отсто од сојузите подготвуваат и *наративен и финансиски годишен извештај за нивното работење*. Други **17%** подготвуваат само *наративен,* а **4,5%** само *финансиски* извештај. Близу **12%** од анкетираните велат дека *такви извештаи не се достапни*, а останатите организации (26%) не одговориле на ова прашање.

**Графикон 12. Достапност на годишните извештаи на јавноста**




Почести случаи на подготвување и на наративен и на финансиски извештај од страна на сојузите се среќава кај оние кои се формално регистри-рани (48%) и кај оние кои се активни на национално (49%) ниво.

За работењето во 2005 година, околу **30%** од сојузите ги припремиле *обата извештаи* (и наративен и финансиски), додека **11%** само *наративниот,* а други **5,6%** само *финансискиот*. Близу **20%** од анкетираните одговориле *негативно,* а останатите организации не одговориле на ова прашање (29,5%).

Од оние кои одговориле дека ги објавуваат наративните извештаи, 66% го објавиле во 2005 година, а од мрежите кои тврдат дека ги објавуваат и двата извештаи, уделот е поголем, односно 74%.

# Заклучоци:

*Кај скоро три четвртини од сојузите постои заеднички (општ) правилник за однесување (или друга форма на поставена саморегулација) или етички кодекс.*

*Најголемиот дел од работата (функционирањето) на сојузите се одвива врз база на прифатени (изгласани) документи (статути, правилници и сл.).*

*Сојузите имаат изградено критериуми за членство. Две третини од анкетираните сметаат дека критериумите за членство се применуваат и почитуваат, а во истиот процент сојузите ги избираат своите лидери врз база на однапред определени критериуми. Во над половината од случаите критериумите за избор на членови во раководните тела на сојузите, како и изборот на раководители и лидери, се почитуваат.*

*Секој втор анкетиран смета дека членките во сојузите имаат значително влијание при донесувањето одлуки.*

*Четириесет отсто од сојузите подготвуваат и наративен и финансиски годишен извештај за нивното работење, но во подготвувањето на извештаите за 2005 година биле малку помалку ревносни.*

# ОДНОСИ СО ДРУГИ АКТЕРИ[2]

Во однос на тоа дали конкретниот сојуз за кој се пополнува анкетниот прашалник формално членува во друг сојуз, оние кои одговориле потврдно навеле дека членуваат во друг *меѓународен сојуз* **(28%)**, во *домашен сојуз* **(12,5%)** и во *двата типа* **(12,5%)**. *Негативно* одговориле **20%** од анкетираните, а *без одговор* на ова прашање се 27% од организациите.

На прашањето колкава е *активноста на сојузите во разни настани,* конференции и други активности *надвор од Република Македонија,* одговорено е дека тие се најмногу активни пошироко во *светски размери* **(37,5%)**, потоа во *Европа* **(16%)**, и во поблискиот *регион* (Балкан) **(15%).** Негативно одговориле 12,5% од организациите, а 19% воопшто не одговориле на ова прашање.

Комуникацијата (дијалогот) на овие *сојузи наспрема локалната самоуправа* најчесто е оценета како *ограничена само на некои прашања* **(49%)** или, пак, во **13%** од случаите се смета дека таа *воопшто не постои*. Од друга страна, пак, **19%** сметаат дека дијалог постои за *сите прашања*. Останатите 19% не одговориле на ова прашање.

**Графикон 13. Односи со единиците на локалната самоуправа и со државни органи**




[2] Во делот кој следува под „актери“ со кои сојузите воспоставуваат определени односи се сметаат други сојузи, институции (владини, локална самоуправа, влада, министерства и сл.), претпријатија во земјата и пошироко итн.

Од друга страна, пак, сојузите ги оценуваат нивните *односи со државните органи* (владата и нејзините институции) како *доминантно просечни* **(37,5%)** или *успешни,* бидејќи идеите им се прифа-тени и реализирани **(15%)**. Од друга страна, околу **16%** од анкетираните сметаат дека релацијата е *формална, бидејќи отсуствува фактичка мотивација за соработка* или, пак, воопшто *нема комуникација* **(7%)**. Останатите 24% не одговориле на ова прашање.

## Графикон 14. Односи со државни органи




Во изминатите шест месеци **42%** од сојузите *имале соработка со некој државен орган, но на нивна иницијатива.* Околу **7%** вакви соработки се случувале благодарејќи на иницијатива на некој *донатор или меѓуна-родната заедница*, а во **8%** од случаите на *заедничка иницијатива на* владата со донаторот и/или со сојузот. Не е наведен ***ниту еден случај*** на иницијатива за соработка која доаѓала *исклучиво од страна на државата*. Една четвртина (25%) од анкетираните не дале одговор на ова прашање.

Сојузите кои почесто велат дека соработката со државата се одви-вала по нивна иницијатива се национални (58%).

*Нивото на комуникација* со другите сојузи и/или со други граѓански организации анкетираните сојузи го оцениле како *значително* **(31%)** или *периодично* **(34%)**. Многу помал дел од сојузите одговориле дека комуни-кацијата е *непостоечка* **(7%)** или *нередовна* **(7%)**. Останатите 21% не одговориле на ова прашање.

**Графикон 15. Ниво на комуникација со други сојузи или граѓански организации**




Сојузите чие седиште е во руралните средини поизразено (64%) сметаат дека комуникацијата со другите сојузи се одвива постојано.

Податоците говорат дека во земјата неретко постојат и други слични „конкурентни" или сродни сојузи. Тоа го покажуваат одговорите на анкетираните, кои во **43%** од случаите велат дека *постојат сојузи сродни на нивниот*. Во **26%** одговорот на ова прашање е *негативен*, а **1/3** (или 31%) од сојузите *не знаеле* да одговорат на ова прашање.

Сојузите чие седиште се наоѓа во помалите градски средини почесто (53%) изјавуваат дека освен нив, постојат и други сродни или конкретни сојузи.

Испитаниците кои на претходното прашање одговориле потврдно (дека постојат и други сојузи сродни на нивниот), ја оквалификувале релацијата со тие сојузи како *конкурентна* во **16%** од случаите, во **3%** дури и како *непријателска (постои анимозитет)*, а во други **60%** како *релативно конфликтна,* бидејќи постои поделеност врз база на *партиско-политички влијанија*. Само во **17%** од случаите е наведено дека *постои меѓусебна соработка*.

# Заклучоци:

*Една третина од сојузите членуваат во други меѓународни сојузи, помал број само во домашни или комбинирано. Меѓународно, овие сојузи се најмногу активни пошироко во светски размери, потоа во европски и во поблискиот регион (Балкан).*

*Секој втор анкетиран наведува дека комуникацијата (дијалогот) наспрема локалната самоуправа најчесто е лимитирана само на некои прашања. Односите со државата се оценуваат како доминантно просечни, напати формални, но некојпат и успешни. Најчесто иницијативата за соработка произлегува од самите сојузи, а никогаш од државата.*

*Нивото на комуникација со другите сојузи и/или со други граѓански организации е оценето како значително или периодично. Околу 40% од сојузите имаат свои сродни или „конкурентни" сојузи. Во односите доминира поделеност врз база на партиско-политички влијанија (60%).*

# СЛАБИ И ЈАКИ СТРАНИ НА СОЈУЗОТ

Со цел да ги детектираме слабостите, како и предностите на наведените сојузи, од анкетираните беше побарано врз основа на нивното искуство да одговорат на оваа посебна група прашања.

Во оваа смисла, учесниците во анкетата беа замолени да одговорат **дали сојузот во кој членува нивната граѓанска организација се соочува со определени проблеми** во своето функционирање. Интересно е што независно за кој сојуз станува збор, најголемиот број испитаници одговориле со „**не знае**". Така, за **прво-наведениот „сојуз"** овој процент изнесува **83%, а и за другите два, овој процент изнесува 87%, односно 91%**. **Потврден одговор** дека сојузот се соочува со определени проблеми **наведуваат само 10%** (сојузот А) од анкетираните, односно 6% од испитаниците во однос на сојузот Б и нешто понизок процент (4%) во однос на сојузот В. Останатиот процент **од 7% до 5%** се однесува на оние испитаници кои сметаат дека споме-натите сојузи во својата работа **не се соочуваат со проблеми.**

Од организациите кои одговориле потврдно на претходното прашање, беше побарано да ги конкретизираат евентуалните проблеми со кои се соочени сојузите. Така, како најчест проблем, кој го наведуваат анкетираните, е „**недостатокот на финансии"** (60%) што го имплицира досегот на реализацијата на планираните активности на сојузот А[3]. Како втор проблем по фреквентност што го наведуваат испитаниците се јавува „**недостатокот од канцелариски материјал"**, што во суштина е последица на „најголемиот" проблем - ограничени финансиски средства. Другите проблеми, како што се: **неможноста да се постигне договор која органи-зација и за кој период да раководи со мрежата, недоволно обучениот кадар, недоволно средства за комуникациски трошоци, лошите меѓучовечки односи, како и „друго"**, се застапени со идентичен процент од **5%.**

[3] Во однос на ова прашање, независно за кој сојуз (А, Б, В) станува збор, нема пого-леми разлики во одговорите, така што на ова ниво коментарите ќе се однесуваат на сојузот А.

На прашањето кои се негативните искуствата на испитаниците од здружувањето во сојуз, како најчест проблем се истакнува **нееднаквото споделување на обврските (само еден или неколку реално работат)** - **18%**. Како второ негативно искуство анкетираните го посочуваат проблемот на **нееднаков третман кон член-ките (доминација на една или неколку) - 13%**. Во одговорите, како трето, односно четврто по ред негативно искуство, се регистрира проблемот на **„механи-чката раз-мена на информации“ - 9%**, односно **„непостоењето солидарност и искрена взаемна поддршка или соработка“ - 9%.** Со нешто понизок процент се застапени одговорите „**комуникацијата не продуцира никакви резултати“ - 6%, „злоупо-треба на функции за лична корист“ - 5% и „борбата за позиции и превласт“ - 4%**. Наспроти оваа група испитаници, секој петти учесник во анкетата **„немал негативно искуство од вмрежувањето“ - 20%**.

**Графикон 16. Негативни искуства од здружувањето**




Како најголеми слабости на сојузот на кој припаѓа испитаникот, според одговорите, се **„довербата меѓу членките“ - 12%** и **„градењето на капацитетите“ – 12%**. Според фреквентноста, потоа следуваат: **„комуникацијата“ - 11% „соработката меѓу членовите“ -10%, „ефикасноста на мрежата“ - 9%, „еднаков третман/пристап на сите членки“ - 8%, „координацијата“ - 7% „солидарноста на членките“ - 6% , „транспарентноста/јавноста“ - 6% и „носењето одлуки“ - 3%**. Преостанатите 15% се испитаници кои не дале одговор на ова прашање.

Во однос на вкрстените показатели, од аспект на **нивото на кое дејствува организацијата, односно институцијата каде што е вработен испитаникот (национално, регионално или локално ниво),** се забележуваат извесни разлики во однос на рангирањето на слабостите со кои се соочуваат сојузите. Имено, анкетираните вработени во организација која дејствува **на национално ниво, повеќе од просекот (речиси два пати повеќе - 22%)** како проблем го издвојуваат **„градењето капацитети“,** односно кај претставниците кои се вработени во организации кои дејствуваат на регионално, односно локално ниво, овој процент е далеку понизок (3%, односно 5%). Белегот **регионално ниво** како најчесто посочувана слабост ја идентификуваат **„соработката меѓу членовите“ - 18%**, што е за 7% повеќе од регистрираниот просек. Во однос на одговорите на испитаниците, кои се вработени во организации кои дејствуваат на **локално ниво**, како најголеми слабости, **со идентичен процент (од 10%),** ги апострофираат **„соработката меѓу членовите“, „солидарноста на членките“, „комуникацијата“ и „еднаквиот третман/пристап на сите членки“,** што со помали осцилации сепак ја следи општата дистрибуција на одговори.

Спротивно на претходното прашање, на кое анкетираните требаше да ја наведат најголемата слабост на сојузот, на ова прашање од учесниците во анкетата беше побарано **да ги издвојат јаките страни на сојузот.** Впечаток е дека одговорите се главно поделени меѓу различните модалитети. Така, секој петти испитаник како предност на сојузот ја смета можноста за **„подобрена промоција на заедничкиот интерес пред трети лица, организации или пред државата“ - 21%.** За разлика од нив, **19%** сметаат дека јаката страна на сојузот е „**подобрената и зголемената размена на информации**“. Како други можности, кои испитаниците ги оценуваат како предност, се „**полесното пријавување на заеднички проекти“ - 15%**, „**подобро запознавање со тоа што се случува тековно“ - 13%, „зголемен капацитет“ - 13% и „поголема ефикасност и организираност во работењето“ - 9%.** Наспроти ваквите согледувања, еден мал процент од анкетираните - **4%, немаат позитивен став** во однос на ова прашање, односно не ги согледуваат јаките страни на сојузот - „**нема придобивки“**.

**Графикон 17. Јаки страни на сојузите**




Во рамките на оваа батерија-прашања, анкетираните беа замолени да направат **разлика меѓу нивната организација и оние организации кои не се вмрежени.** Според одговорите, **„зголемената свест за заедничките интереси/проблеми**" е во најголем процент - **27%** идентификувана како карактеристика која прави разлика меѓу организацијата на испитаникот и другите организации кои не се вмрежени. „**Подобрата фокусираност**" како разлика ја посочуваат **15%** од анкетираните, додека **„посветеноста на поставените задачи"** ја акцентираат **11%** од испитаниците. Во однос на другите одговори, кога ќе се минусираат оние кои сметаат дека **„не се разликуваат во ништо" - 4%**, се забележува дека тие се поделени меѓу модалитетите: **„зголемена солидарност и заедништво" - 9%**, **„посветеност на корисниците" - 7% и „многу поголем вложен труд" - 7%,** како и **„подобра расп-ределеност на обврските" - 4% и „друго" - 5%.**

На прашањето **со кои вештини или со какви придобивки се здобиле анкетираните, работејќи во сојузот**, очигледно испитаниците немаат идентично искуство или мислење. Имено, одговорите се поделени меѓу повеќе модалитети. Така, во распон од 17% до 13% одговорите се движат меѓу: **научив како да лобирам - 17%, научив да планирам стратешки (16%), научив да планирам и да раководам проекти (15%), научив подобро да ја поставам/раководам организацијата (13%) и научив правилно да си ги поставувам приоритетите - 12%.** Останатиот процент се однесува на вештини кои се поврзани со финансиските аспе-

кти во работата, односно: **научив поуспешно да мобилизирам средства за моите активности – одговориле 9% од учесниците во анкетата, како и научив да раководам со финансиите - 6%.** На ова прашање **не дале одговор 11%** од испитаниците.

**Графикон 18. Придобивки од здружувањето**




Очигледно, **нивото во кое дејствува организацијата во која е вработен испитаникот определува извесни прегрупирања во однос на општата слика на одговори.** Имено вештината „научив правилно да си ги поставувам приоритетите", во помал процент од просекот ја издвојуваат анкетираните вработени во органи-зации кои дејствуваат на национално ниво - 7%. За разлика од нив, организациите кои се активни на пониските нивоа (регионалното или локалното), во однос на овој модалитет се во рамките на општиот утврден просек. Од друга страна, одговорот „научив да раководам со финансии" како предност, во поголем процент, ја наведуваат анкетираните на организациите кои дејствуваат на национално ниво - 8% повеќе од просекот, додека „научив да лобирам" е почест избор за претставниците од организациите на пониските нивоа на дејствување - 16%, во однос на белегот национално ниво - 10%.

Во овој контекст не интересираше ставот на испитаниците за тоа **дали некои општествени групи се недоволно застапени како членови во телата на нивниот сојуз**. Со оглед на одговорите, секој втор испитаник - **51% нема став** за тоа која од наведените општествени групи е недоволно присутна во нивните тела. Од оние, пак, кои апострофираат

конкретна група, најбројни се анкетираните кои мислат дека тоа се **селаните - 12%,** потоа следуваат одговорите **сиромашните луѓе - 9%**, **етничките заедници - 8% и жените - 3%**. Инаку, судејќи според одговорите, не е толку мал процентот и на анкетираните (16%) кои сметаат дека несоодветно се застапени повеќе општествени групи, а не само една од наведените.

Во однос на општествените групи кои најмногу се застапени како членови во телата на нивниот сојуз, според анкетираните, тоа се жените - 43%. Потоа со незначително низок процент во одговорите се застапени групите: етничките заедници - 3%, селаните - 2% и сиромашните луѓе - 2%. Евидентно речиси секој втор испитаник нема став во однос на ова прашање, односно одговорил „не знае" (49%).

# Заклучоци

*Наспроти очекувањата, анкетираните да ги детектираат проблемите со кои се соочува сојузот во кој членува нивната граѓанска организација, респектабилен број (83%) од нив одговориле со „не знам". Како најчест проблем, кој го наведуваат анкетираните, се јавува недостатокот на финансиски средства.*

*Како негативни искуствата од здружувањето во сојуз/и, испитаниците најчесто ги наведуваат нееднаквото споделување на обврските - 18%, односно нееднаквиот третман кон членките (доминација на една или неколку) - 13%. Секој петти учесник во анкетата „немал негативно искуство од вмрежу-вањето".*

*Како три најголеми слабости на сојузот, кои ги наведува испитаникот, се јавуваат: довербата меѓу членките - 12%, градењето на капацитетите – 12% и проблемот со комуникацијата - 11%. Анкетираните вработени во организација која дејствува на национално ниво, повеќе од просекот (речиси два пати повеќе - 22%) како проблем го издвојуваат градењето капацитети, односно кај претставниците кои се вработени во организации кои дејствуваат на регионално, односно на локално ниво, овој процент е далеку понизок (3%, односно 5%).*

*Секој петти испитаник како предност на сојузот ја смета можноста за подобрена промоција на заедничкиот интерес пред трети лица, организации или пред државата - 21%. За разлика од нив, 19% сметаат дека јаката страна на сојузот е „подобрената и зголемената размена на информации". Како други можности, кои испитаниците ги оценуваат како предност, се „полесното пријавување на заеднички проекти" - 15%, „подобро запознавање со тоа што се случува тековно" - 13%, „зголемен капацитет" - 13% и „поголема ефикасност и организираност во работењето" - 9%.*

*Тоа што ги разликува граѓанските организации кои се поврзани во сојузи и оние кои не се вмрежени, според одговорите, е „зголемената свест за заедничките интереси/проблеми" - 27%.*

*Вештини со кои се здобиле анкетираните, работејќи во сојузот, се лобирањето (17%), стратешкото планирње (16%), планирањето и раководењето проекти (15%), правилно поставување приоритети (12%), а дел (13%) ги подобриле своите вештини за раководење на организацијата.*

*Секој втор испитаник нема став за тоа која од наведените општествени групи (селаните, невработените, жените, сиромашните, етничките заедници) е недоволно присутна во нивните тела. Од општествените групи кои најмногу се застапени како членови во телата на нивниот сојуз, според анкетираните, тоа се жените - 43%.*

# ВЛИЈАНИЕ НА СОЈУЗИТЕ

Фактот што влијанието на сите сојузи не е подеднакво на сите нивоа и области, ниту пак, со ист интензитет, со оваа батерија-прашања сакавме да го идентификуваме ставот на испитаниците во однос на улогата и влијанието што го има нивниот сојуз. Во оваа смисла, на прашањето „**колку сојузот активно влијае врз креирањето на јавната политика**", поголемиот број испитаници (41%), одговориле потврдно. Имено, **34%** од анкетираните го делат ставот „**влијае", **односно **„многу влијае" - 7%**. Извесна резерва за степенот на влијание **„делумно влијае**" изразуваат **32%** од испитаниците. Категорични дека нивниот сојуз **нема влијание** врз креирањето јавна политика се **8%** од учесниците во анкетата. Инаку, бројот на оние кои **не можат да го проценат** степенот на влијание на сопствениот сојуз е **19%**.

**Графикон 19. Влијание врз креирањето јавни политики**




**Членството во еден или во повеќе сојузи**, како независна варијабла, во однос на општата дистрибуција, **забележува некои помали осцилирања** во одговорите на ова прашање. Имено, според податоците, скептичност кон ефектот од влијанието на сојузот врз креирањето на јавната политика манифестираат испитаниците кои членуваат само во еден сојуз, односно одговорот „не влијае" го делат 17% анкетирани од оваа група. Инаку, учесници кои позитивно го перципираат придонесот на нивниот сојуз или нивните сојузи претежно се фокусирани на степените „делумно влијае", односно „влијае". Така, процентот на оние кои ги преферирале

двата наведени степени, независно од бројот на сојузите во кои членуваат, изнесува просечно околу 65%.[4]

Во овој контекст на испитаниците им беше дадена можност **од наведените области да ги маркираат оние во кои нивниот сојуз активно влијае во креирањето на јавната политика.** Во однос на претходното прашање, каде што бројот на оние кои немаа став (8%) за степенот на влијание на нивниот сојуз во креирањето на јавната политика, во овој случај, **секој втор не дал одговор на прашањето**. Од оние, пак, кои посочуваат конкретна област, најбројни се испитаниците кои сметаат дека тоа е сферата на **човековите права - 15%**. Останатите наведени области се апострофираат од релативно незначителен број испитаници. Имено, областа **образование** ја потенцираат **6%** од анкетираните, додека областите **невработеност, сиромаштија и меѓуетнички односи ги издвојуваат по 2%** од учесниците во анкетата. Во рамките на ова прашање, на анкетираните им беше понудена можност и да посочат и **некоја друга област** освен наведените. Таквата можност ја искори-стиле **23%** од испитаниците. Поточно, како други области наведени се различни теми, од кои некои реферираат на делумни аспекти и на аспекти кои ги покриваат наведените модалитети од ова прашање. Во секој случај, се работи за следниве обла-сти во кои сојузот активно влијаел во креирањето јавна политика:

- Животна средина
- Култура, туризам, етнички прашања
- Локален и регионален развој
- Европски интеграции
- Избори
- Женски права
- Млади
- Насилство
- Зајакнување на капацитетите
- Здравство
- Нормативно регулирање

---

[4] Во однос на оваа батерија-прашања, независните варијабли не продуцираат некои поиндикативни отстапувања од општата дистрибуција и затоа не се коментирани во овој дел од текстот.

**Испитаниците** кои потврдно одговориле на претходното прашање беа замолени **да наведат конкретни примери на активности** кои ги презел сојузот, заради остварување одделна цел. Всушност, анкетираните наведоа релативно голема листа на активности. Станува збор за лобирање во донесување одредени закони или нивно менување, потоа организирање различни едукативни кампањи, кампањи за меѓуетничка толеранција, семинари, учество во изготвување одредени документи (стратегии, акциски планови), како и некои други конкретни активности. Почесто спомнувани активности, се следниве:

- Лобирање за донесување закон или негова измена

Законот за полиција, Законот за државјанство, Законот за азил и привремена работа, Законот за животна средина, Законот за 40% застапеност на жената во јавниот сектор, Измена во изборниот законик: најмалку 30% жените, Законот за семејство и Кривичниот законик, Системскиот закон за правата и достоинството на лицата со хендикеп, иницијативи за усогласување на законите во ЈИЕ од областа на животната средина, Законот за пристап до информации.

- Кампањи

Едукативни кампањи, радио и ТВ емисии, семинари преку кои граѓаните ги осознаа своите права за животот во здрава и чиста околина; Борба против трговијата со луѓе; Семејно насилство, Жените го можат тоа; Кампањи против насилство врз жените, Соработка со локалната самоуправа, Меѓуетничка толеранција, Промена на здравствена заштита и воведување редовни лекарски прегледи.

- Документи

Изготвување на Националната стратегија за борба против трговијата со луѓе, Акциски план за општина Неготино за 2007 г., Лоби-група за Декадата на Ромите и планови за истата.

**На прашањето колку е активен сојузот во напорите за обезбедување држава одговорна пред граѓаните**, генерално испитаниците одговараат потврдно. Поконкретно, своите сојузи ги оценуваат како **активни 33%** од анкетираните, додека како **„делумно активни”** ги перципираат **26%.** За **„многу активни“** ги сметаат **12%.** Одречниот модалитет „**неактивни**” е заеднички за **4%** од учесниците во анкетата, додека со „**не знае**” одговориле 24%.

**Степенот на успешност на сојузот во напорите за обезбедување одговорна држава пред граѓаните**, општо, од страна на испитаниците се

оценува како „**делумно успешен“ - 42%.** Повисок степен на успешност (**успешен** и **многу успешен)** се регистрира кај **16%,** односно **6%** од испитаниците. Критичен кон својот сојуз е **секој десетти учесник** во анкетата кој својот сојуз го оценува како **„неуспешен**”. Инаку, секој четврти испитаник - **26%** одговорил со „**не знае**”.

**Активноста на сојузите во напорите за обезбедување деловен сектор одговорен пред граѓаните** испитаниците различно ја перципираат. Имено, доминираат одговорите „**делумно активни“ - 29%**. Ставот **„активни“** го делат **17%** од анкетираните, што се совпаѓа со процентот на оние кои го мислат сосема спротивното, односно дека нивните сојузи се од овој аспект „**неактивни“ - 17%.** Максимално позитивната перцепција „**многу активни**“ е заедничка за само **7%** од анкетираните. И во овој случај релативно голем процент испитаници немаат став во однос на напорите што ги прават нивните сојузи во обезбедувањето деловен сектор кој би бил одговорен пред своите граѓани, односно одговориле со „**не знае“ - 29%.**

На прашањето **до кој степен сојузот е успешен во обезбедување деловен сектор кој е одговорен пред граѓаните**, секој трет учесник **(33%)** во анкетното истражување одговорил дека сојузот бил „**делумно успешен**“ во тоа. Позитивниот став дека сојузите биле „**успешни**“, односно **„многу успешни**“ во обезбедувањето деловен сектор кој би бил одговорен пред граѓаните е заеднички за **14%,** односно **3%** од анкетираните. Наспроти позитивниот тренд во одговорите, **19%** од испитаниците го мислат спротивното - „**неуспешни“,** додека **една третина** од испитаниците **немаат став** во однос на ова прашање.

Во овие рамки нѐ интересираше како секое од анкетираните лица, генерално, ја доживува улогата на својот сојуз, во спроведувањето определени политики во некои од наведените сегменти. Така, на прашањето **како ќе ја опише улогата на сојузот на кој припаѓа во влијанието на донесувањето одлуки во сферата на јавната политика во областа во која дејствува**, преовладуваат позитивни одговори, односно дека нивниот сојуз „**има делумно влијание“ - 46%,** односно „**има влијание“ - 24%.** Во оваа насока се и одговорите на испитаниците кои улогата на својот сојуз ја идентификуваат во модалитетот „**има значително влијание“ - 3%. Негативната перцепција** за придонесот на сојузот се регистрира кај релативно незначителен процент анкетирани - **4%.** Инаку и во овој случај бројот на испитаници кои **не одговориле** на ова прашање е **22%.**

**Графикон 20. Влијание на донесувањето одлуки во сферата на јавната политика**




На прашањето **како ќе ја опишете улогата на сојузот на кој припаѓате во информирањето и едуцирањето на јавноста и подигнувањето на јавната свест,** доминираат позитивните одговори. Поточно, секој втор испитаник улогата на сојузот од овој аспект ја оценува како „**значителна**" **- 51%.** Како „**скромна**" улогата на сојузот ја перципираат **17%** од анкетираните, додека **7%** сметаат дека нивниот сојуз има „**ограничена**" улога. Негативната перцепција „**никаква**" е евидентна кај **4%** од испитаниците, додека **секој петти (20%)** учесник во анкетата го претпочитал одговорот **„не знае".** Од испитаниците, во рамките на ова прашање, беше побарано да се обидат да наведат некои поконкретни примери за улогата на нивниот сојуз во сферата на информирањето и едуцирањето на јавноста и подигнувањето на јавната свест. Како конкретни активности, од овој аспект, беа наведени различни кампањи коишто ги организирале сојузите, потоа едукативни програми, прес-конференции и медиумско покривање на одделни настани, семинари и обуки, јавни трибини и конференции.

**Улогата на сојузите на кои припаѓаат испитаниците во градењето на капацитетите на локалните заедници**, општо, е позитивно оценета. Имено, доми-нантни се ставовите **„скромна" - 31%** и **„значителна" - 26%**. Како **„ограничена"** ја препознаваат **8%** од анкетираните, додека **12%** се оние кои изразуваат категорично **негативен став** за улогата на „своите" сојузи - „**никаква**". Одговорот **„не знае"** е заеднички за **23%** од учесниците во анкетата. И во контекстот на ова прашање, на испитаниците им беше дадена можност да наведат конкретен пример. Во однос на можноста преку наведување пример да го илустрираат одговорот на ова прашање, се забележува дека дел од одговорите не се во

корелација со прашањето. Причината за тоа можеби е тоа што, од една страна, учесниците во анкетата се претставници на различни сојузи кои дејствуваат во различни сфери, а од друга страна, што секој од анкетираните субјективно ја перципира улогата на сојузот во градењето на капацитетите на локалните заедници. Наедно, оваа можност некои од нив ја искористиле да ги повторат проблемите со кои се соочуваат сојузите во својата работа и сл. Во секој случај, генерално, со поголема зачестеност беа посочени следниве примери:

- Зајакнување на локалната самоуправа
- Вклучување на граѓанскиот сектор во локалната самоуправа
- Помагање во изградба на водоводи, училишта
- Вметнување точки во агендите на локалните совети
- Зајакната свест кај жените за нивно поактивно организирање за борба за нивните права
- Изготвување локални акциски планови за животната средина (ЛЕАП)
- Воспоставување локални партнери во општините
- Воспоставување координативно тело кое има претставници во советите на општините
- Отворање канцеларии за еднаква можност
- Проектна активност, трибини, медиумски кампањи
- Соработка со локалната самоуправа, заедно со своите членови во локалната самоуправа
- Изработка на стратегија за локален економски развој

На крајот од овие блок-прашања, испитаниците беа замолени да наведат **конкретни „резултати“ или успеси од нивното мрежно поврзување.** Очигледно, одговорите се дистрибуирани меѓу повеќе модалитети, односно резултати кои, според анкетираните, биле остварени со нивното мрежно поврзување. Така, **секој петти учесник** го наведува како конкретен резултат „**свртувањето на вниманието на јавноста за проблемот“ (22%)**, односно „**зголемувањето на капацитетот преку едукација, обука и сл.“ (22%).** „**Креирањето заеднички документ (стратегија, програма и сл.)**“ како евидентен „производ“ го наведуваат **19%** од испитаниците. **„Добивањето заеднички проект**“, односно „**измената на одреден закон или донесување нов“** го сметаат за главна добивка **15%**, односно **13%** од анкетираните. Одговорот **„друго“** го издвојуваат помалку од **1%** испитаници. Останатите **9%** се испитаниците кои **не наведуваат конкретен резултат или успех** на својата мрежа.

# ЗАКЛУЧОЦИ:

*Поголемиот број испитаници сметаат дека* ***сојузот активно влијае*** *врз креирањето на јавната политика -* ***41%.***

***Секој втор учесник*** *во анкетата* ***не прецизира ниту една област*** *во која неговиот сојуз активно влијае во креирањето на јавната политика. Од наведените области најфреквентно се застапени* ***човековите права, образованието, невработеноста, сиромаштијата и меѓуетничките односи.***

***Во релативно долгата листа на наведени конкретни примери*** *своето место имаат активностите:* ***лобирање*** *во донесување одредени закони или нивно менување, потоа организирање различни* ***едукативни кампањи, кампањи за меѓуетничка*** *толеранција,* ***семинари,*** *учество во* ***изготвување*** *одредени* ***документи*** *(стратегии, акциски планови и сл.).*

***Најголем број*** *од испитаниците сметаат дека* ***нивниот сојуз е активен*** *во напорите за обезбедување држава одговорна пред граѓаните****.*** *Одречниот модалитет „****неактивни****“ е заеднички за* ***4%*** *од учесниците во анкетата, додека со „****не знае****“ одговориле 24%.*

***Степенот на успешност на сојузот*** *во напорите за обезбедување држава одговорна пред граѓаните, генерално, од страна на испитаниците се оценува како „****делумен“ - 42%.***

***Секој десетти учесник*** *во анкетата својот сојуз го оценува како* ***„неуспешен“****, а секој четврти одговорил со „****не знае****“.*

***Активноста на сојузите*** *во напорите за обезбедување деловен сектор одговорен пред граѓаните,* ***испитаниците различно ја перципираат.*** *Доминираат одговорите „****делумно активни“ - 29%****. Толкав е и бројот на оние испитаници кои немаат став во однос на напорите што ги прават нивните сојузи на овој план, односно одговориле со „****не знам“ - 29%.***

*Степенот на успешност на активностите на сојузот, од аспект на обезбедување деловен сектор одговорен пред граѓаните, секој трет учесник* ***(33%)*** *во анкетното истражување одговорил дека во тоа сојузот бил „****делумно успешен****”. Секој петти испитаник го мисли спро-тивното -* ***„неуспешни” во напорите.*** *Но, и бројот на испитаниците кои немаат став во однос на ова прашање не е толку мал (една третина).*

*Анкетираните лица, генерално,* ***позитивно*** *ја доживуваат улогата на својот сојуз,* ***во влијанието на донесувањето одлуки во сферата на јавната политика во областа во која дејствува. Негативната***

***перцепција*** *за придонесот на сојузот се регистрира кај релативно незначителен процент анкетирани -* ***4%****.*

*И во однос на* ***улогата на сојузот*** *на кој припаѓа рeсподентот,* ***во информирањето и едуцирањето на јавноста*** *и подигнувањето на јавната свест, доминираат позитивните одговори -* ***„значителна" (51%). Секој петти*** *учесник во анкетата го претпочитал одговорот* ***„не знам".***

*Како поконкретни* ***примери за улогата на нивниот сојуз*** *во сферата на информирањето и едуцирањето на јавноста и подигнувањето на јавната свест испитаниците ги наведуваат: различните* ***кампањи*** *кои ги организирале сојузите, потоа* ***едукативните програми****,* ***прес-конференциите*** *и медиумското покривање на одделни настани,* ***семинарите и обуките****,* ***јавните трибини и конференциите.***

*Улогата на сојузите на кои припаѓаат испитаниците во градењето на капацитетите на локалните заедници, иако општо е позитивно оценета, сепак одреден процент (12%) изразуваат категорично негативен став („никаква") за улогата на „своите" сојузи. Инаку, одговорот „не знае" е заеднички за 23% од учесниците во анкетата.*

*Секој петти учесник како конкретен резултат или успех од нивното мре-жно поврзување го наведува „свртувањето на вниманието на јавноста за проблемот" (22%), односно „зголемувањето на капацитетот преку едукација, обука и сл." (22%). „Креирањето заеднички документ (стра-тегија, програма и сл.)" како евидентен „производ" го наведуваат 19% од испитаниците. „Добивањето заеднички проект", односно „измената на одреден закон или донесување нов" го сметаат за главна придобивка 15%.*

# ОПШТИ ПОЗНАВАЊА ЗА СОЈУЗИТЕ

Со оваа батерија-прашања на учесниците во анкетата им беше дадена можност да дадат своја перцепција за поставеноста и улогата на сојузите во Република Македонија. Имено, заради нивната вклученост и компетентност за секторот на граѓанското општество кој најдобро го познаваат, сакавме да добиеме релевантни податоци за одделни аспекти на дејствувањето на сојузите од нивниот сектор, генерално.

Судејќи според одговорите, **секој четврти учесник во анкетата**, за секторот кој најдобро го познава, **нема сознание за процентот на граѓанските организации** кои припаѓаат на определен сојуз, федерација, чадор или мрежа на граѓански организации. Инаку, од оние кои се обиделе да наведат одреден процент, **најбројни се испитаниците** (50%) кои сметаат дека речиси половината од граѓанските организации **(од 40% до 60% и од 20% до 40%)** се меѓусебно поврзани. Проценета дека бројот на поврзаните граѓански организации е „**помалку од 20%**" **ја споделуваат 17% од анкетираните**. За разлика од нив, **само 8% сметаат дека процентот** на граѓанските организации кои членуваат во некоја од наведените форми **е поголем - „над 60%".**

Секој втор учесник во анкетното истражување **сојузите во постигнувањето на своите цели ги оценува како „делумно ефективни" (55%),** а **како „ефективни" ги перципираат 14%** од анкетираните. Останатите одговори се поде-лени меѓу понудените степени: „**делумно неефективни" - 9%** и „**неефективни" - 5%**. Инаку, речиси секој петти испитаник одговорил дека не може да го валоризира ефектот на работата на мрежата (**не знам - 18%**). Во секој случај, евидентно е дека преовладува позитивната перцепција за ефектите што ги постигнуваат вака поврзаните граѓански организации во остварувањето на поставените цели.

**Графикон 21. Ефективност на сојузите**



Иако во однос на генерално утврдената дистрибуција анализата на вкрстените податоци не забележува некоја поголема поделеност во одговорите, сепак извесни прегрупирања во одговорите се присутни во однос на сојузите кои дејствуваат на национално и на регионално ниво, наспрема сојузите чија активност е насочена на локалното ниво. Така, одговорот **„делумно ефективен" е натпросечно (за околу 10% повеќе од просекот) присутен кај сојузите од повисоките нивоа на дејствување.** Спротивно на ова, **на локално ниво** во поголем процент е застапен одговорот **„ефективни" (36%)**.

Ставовите на испитаниците за **нивото на комуникацијата меѓу различните форми на здружување во граѓанското општество** очигледно се поделени. Така, за една третина анкетирани постојната комуникација е **„задоволителна" - 34%**, додека речиси идентичен број анкетирани таквата комуникација ја оценуваат како **„незадо-волителна" - 31%.** Децидни дека „**не постои комуникација**" се само **2%** од испитаниците. Спротивно на ова, **4%** од анкетираните го мислат спротивното, дека **„комуникацијата е интензивна"**. Останатите 18% се оние кои одговориле со „**не знае**".

**Графикон 22. Ниво на комуникација меѓу сојузите**




Од учесниците во анкетата само 42% имаат сознание за **примери на здружување на граѓанските организации од различни сектори во алијанси, сојузи или коалиции заради третирање заеднички проблеми.** Така, примерот за „**неколку (до 5)**" го наведуваат **20%** од испитаниците, додека примерот на „**една**", односно „**многу**", го наведуваат **11%,** односно **10%** од анкетираните. Одговорот „**николку"**, односно дека нема такви примери на мобилизирање на граѓанските организации од различни сектори во алијанси, сојузи или коалиции на заеднички проблеми, го споделуваат **7%** од испитаниците. Евидентно, според одговорите, секој втор испитаник нема вакви сознанија, односно одговорил со **„не знам" - 51%.**

Од учесниците во ова анкетно истражување беше побарано да наведат **кој од сојузите,** според нив, **е најактивен во Република Македонија**. **Одговорите се поделени**, бидејќи сепак станува збор за субјективна процена. Оттука листата на ваквите сојузи изгледа доста „шарена“. Како најактивни сојузи се издвојуваат оние во кои како членка се јавува СОЖМ, потоа Сојузот на здруженијата на пензио-нерите, Граѓанската платформа на Македонија, Мост и сл.

Како и на претходното прашање, **субјективно се валоризира успешноста** на овие сојузи од страна на учесниците во анкетата. Оттука и во овој случај листата на најуспешните сојузи изгледа доста разнолика. Сепак, меѓу нив најчесто како успе-шни се спомнати сојузите: **СОЖМ, ДЕМ и Граѓанска платформа на Македонија**.

На прашањето **во која област недостасува мрежно организирање**, за најголем број од анкетираните ваков облик на организирање недостасува во повеќе сфери. Во таа смисла, според испитаниците отсуството на мрежна поврзаност или недоволната покриеност на одделни проблеми најмногу се чувствува во следниве области:

- Антикорупција
- Борба против сиромаштијата и невработеноста
- Човекови права, детски права
- Култура
- Маргинализирани групи
- Меѓуетничките заедници и соработка
- Млади
- Меѓусебна соработка во егејскиот дел на Македонија и во соседните земји
- Образование
- Претприемништво
- Рурален развој
- Во областа на здравството
- Во пчеларство
- Во лобирање пред државните органи
- Животна средина

Заради фактот што често пати проблемите околу кои се организираат сојузите ги надминуваат границите на Република Македонија, нѐ интересираше колку од сојузите во секторот, кој најдобро го познаваат нашите соговорници, се активни на меѓународен план, односно колку од нив членуваат во меѓународни сојузи. Судејќи според одговорите, бројот на ваквите сојузи е релативно мал. Имено, **49%** од испитаниците одговориле дека станува збор за **„една**“ - 23%, односно само за „**неколку (до 5) сојузи**“ - 26%. Само **6%** одговориле дека **„многу“** сојузи од нив-ниот сектор членуваат во меѓународни сојузи. За разлика од нив, идентичен процент **(6%)** од соговорниците го мислат спротивното - „**николку**“. Останатите **40%** од испитаниците одговориле со „**не знае**“.

**Графикон 23. Членство на сојузите во меѓународни сојузи**




Во однос на прашањето **колку од сојузите** од секторот кој најдобро го познаваат **учествуваат во меѓународни настани**, најчесто одговор е дека станува збор за „**неколку сојузи (до 5)“ - 45%**. **„Учество на само еден сојуз“** во реализацијата на некои меѓународни нас-тани како одговор го наведуваат **16%** од анкетира-ните, додека одговорот „**многу**“ е заеднички за само **3%** од испитаниците. Одречниот одговор „**николку**“ се регистрира кај **6%** од учесниците во анкетата. И во овој случај, **29%** („**не знае**“) од испитаниците немаат информација за тоа колку од сојузите во секторот што најдобро го познаваат биле мобилизирани околу одреден меѓународен настан.

Со цел да ги идентификуваме евентуалните нормативни ограничувања („пречки“) од аспект на можностите за здружување на граѓанските организации, од испитаниците беше побарано да го наведат интензитетот на **степенот во кој законската регулатива влијае ограни-**

**чувачки.** Според одговорите, речиси секој втор учесник во анкетата (**„не ги ограничува“ - 49%)** не „гледа“ ваков проблем во постојното законодавство. Наспроти ваквиот став, секој трет испитаник смета дека нормативните решенија влијаат **„многу“ ограничувачки (15%), односно „делу-мно“ (15%)**. Инаку, секој петти учесник во оваа анкета **нема став** во однос на ова прашање **(22%)**.

Одговорите на прашањето за **искуството од процедурите за регистрација на сојузите на здруженија на граѓани**, главно ја следат дистрибуцијата на одговорите од претходното прашање. Поточно, **позитивното искуство** е заедничко за **44%** од учесниците во анкетното истражување, додека **негативното** се регистрира кај **14%** од анкетираните. Во овој случај, процентот на испитаници кои немаат став во однос на ова прашање е за два пати повисок од претходното, односно **42%** одговориле со **„не знам“.**

На анкетираните кои имале негативно искуство од аспект на процедурите за регистрација на сојузите на здруженија на граѓани им беше дадена можност да го конкретизираат своето негативно искуство. Имено, тие беа замолени **да ги наведат проблемите со кои биле соочени при регистрацијата, како и да сугерираат кои одредби да се изменат од Законот за здруженија и фондации од аспект на организирањето сојузи.** Според одговорите, се забележува дека поголем број од проблемите се лоцираат во неефикасноста на администрирањето на целата постапка, а во помал процент критиките се фокусираат на самиот закон. Инаку, дел од соговорниците проблемот го регистрираат и во капацитетот на самите луѓе во граѓанските здруженија, кои според нив го немаат потребното знаење за да ја завршат постапката поефикасно. Секако, и во овој случај, некои од испитаниците како проблем го спомнуваат и недостатокот на финансии:

- Административна процедура и плаќање разни такси
- Недостаток од финансии
- Поефикасна и поажурна администрација
- Предолга процедура за регистрирање
- Се испраќаат претставници на состаноци, кои не ја познаваат законската регулатива и „лутаат“
- Законот да се смени и да се формира централен регистар

Во рамките на оваа батерија-прашања, анкетираните беа замолени **да ја оценат успешноста на неколку конкретни наведени сојузи.** За најголем број од учесниците, најуспешен сојуз во својата работа е СОЖМ,

кого 52% од испитаниците го оценуваат како „успешен" (27%), односно „многу успешен" (25%). Втор сојуз на „ранг-листата" според успешност е Македонското женско лоби со 36% , потоа на третото место е Заедницата на инвалидските организации на Македонија (ЗИОМ) со 34%, на четвртото место е Сојузот на пензионерите со 30%, додека Движењето на екологистите на Македонија (ДЕМ) е последно на оваа листа - 28%. Инаку, негативната оцена за работата на наведените сојузи ја даваат релативно мал процент од анкетираните и се движи во рамките од 3% до 8%. Поточно, работата на Сојузот на пензионерите како неуспешна е вреднувана од 8% од испитаниците, додека со најнизок процент меѓу неуспешните е застапен СОЖМ - 3%. Во овој контекст, податокот дека големиот процент од испитаниците не можат да ја оценат успешноста на наведените сојузи, е секако индикативен за степенот во кој овие сојузи успеваат да ја анимираат пошироката јавност за својата работа[5].

На прашањето дали **може да се сетат на некоја конкретна активност (проект, кампања и сл.) од страна на петте претходно наведени сојузи, потврдно одговориле 45% од анкетираните.** Спротивно на ова, речиси секој десетти испитаник **(12%)** одговорил одречно, односно дека **„не"** може да се сети на ниту една конкретна активност. Останатите **42%** од испитаниците се оние кои **не одговориле** на ова прашање.

Во рамките на ова прашање, од анкетираните кои одговориле потврдно на претходното прашање беше побарано да го конкретизираат прашањето на кое се однесувала таа активност. Од одговорите се воочува дека **во наведените активности доминираат прашања во чии фокус е жената и нејзината улога во одделни области,** што впрочем и се совпаѓа со ставот дека токму СОЖМ е најуспешниот во својата работа споредено со другите наведени сојузи. Од темите кои се наведени, според сеќавањето на испитаниците, најчести се:

- Родовиот концепт
- 30% застапеност на жените во политиката
- Акциски планови поврзани со домашното насилство, трговијата со луѓе
- ДЕМ - кампањата за ГМО
- Донесување закон за лица со посебни потреби

[5] Може да се забележи дека ранг-листата на успешни сојузи се совпаѓа со одговорите регистрирани на прашањето, каде што анкетираните по сопствена процена ги евидентираа сојузите кои се успешни во своето дејствување.

- Изготвување на ЛЕАП

- Јакнење на капацитетите на граѓанските организации преку Данскиот совет за бегалци (ДРЦ)

- Лобирање за закон за екологија и други еколошки проекти

- Закон за еднакви можности

Во овој контекст, од учесниците беше побарано да го валоризираат **степенот на успешност на сојузот во реализирањето на конкретно наведениот проект, односно кампања.** Евидентно, одговорите на ова прашање се поделени. Имено, речиси секој трет испитаник **(36%)** ја оценува наведената активноста на сојузот **како „неуспешна**“. Спротивно на ова, речиси идентичен процент на испитаници сметаа дека сојузите биле главно **„успешни“ – 22%**, односно „**многу успешни“ - 14%** во остварувањето на наведената активност. Како „**делумно успешни“** ги оцену-ваат **17%** од анкетираните, а останатите **11%** се анкетираните кои **немаат став** по ова прашање.

# ЗАКЛУЧОЦИ:

***Секој четврти учесник во анкетата****, за секторот кој најдобро го познава,* ***нема сознание за процентот на граѓанските организации*** *кои припаѓаат на определен сојуз, федерација, чадор или мрежа на граѓански организации.*

*Во однос на граѓанските организации кои се мрежно поврзани, преовладува позитивната перцепција за ефектите во остварувањето на поставените цели. Сојузите во постигнувањето на своите цели,* ***две третини од испитаниците*** *ги оценуваат со степените* ***„делумно ефективни“ и „ефективни“.***

***Една третина анкетирани нивото на комуникацијата*** *меѓу разли-чните форми на здружување во граѓанското општество го вреднуваат како* ***„задоволително“ - 34%****, додека речиси идентичен број анкетирани таквата комуникација ја оценуваат како „****незадоволи-телна“ - 31%.***

*Само* ***42%*** *од учесниците во анкетата имаат* ***сознание за примери на здружување*** *на граѓанските организации од различни сектори* ***во алијанси, сојузи или коалиции*** *заради третирање заеднички проблеми.*

*Како* ***најактивни сојузи****, кои ги издвојуваат испитаниците, по сопствено убедување, се јавуваат: СОЖМ, потоа Сојузот на пензионерите, Граѓанската платформа на Македонија, МОСТ и сл. Во однос на успешноста, иако* ***листата на најуспешните сојузи*** *што ја наведуваат анкетираните е доста разнолика, сепак, најчесто спомнувани се:* ***СОЖМ, ДЕМ и Граѓанска платформа****.*

*Според испитаниците,* ***отсуството на мрежна поврзаност*** *или не-доволната покриеност на одделни проблеми најмногу се чувствува* ***во областите: човекови права, заштита на маргинализираните групи, борба против корупцијата, образование, рурален развој, екологија*** *и сл.*

***40%*** *од испитаниците „****не знаат****“ колку сојузи од нивниот сектор се активни на меѓународен план, односно колку од нив членуваат во меѓународни сојузи. Од секторот кој најдобро го познаваат, бројот на сојузите кои* ***учествуваат во меѓународни настани****, според 45% од испитаниците, е помалку од пет.*

*Секој втор учесник во анкетата* ***смета дека законската регулатива „не ги ограничува“*** *можностите за здружување на граѓанските организации.* ***Искуството од процедурите за регистрација на сојузите на здруженија на граѓани*** *позитивно го оценуваат 44% од анкетираните. Но, речиси идентичен е процентот (42%) и на оние кои*

*одговориле со „не знае“ на ова пра-шање. Поголемиот број од проблемите, со кои се соочуваат испитаниците при регистрацијата на сојузите, се лоцираат во неефикасноста на администрирањето на целата постапка, а во помал процент критиките се фокусираат на самиот закон.*

*Од „ранглистата“ на наведени сојузи, СОЖМ (52%) е оценет како најуспешен. Второ по успешност е МЖЛ (36%), потоа на третото место е ЗИОМ (34%), на четвртото место е Сојузот на пензионерите (30%), додека на петтото место е ДЕМ (28%). Речиси половината од испитаниците се сеќаваат на некои од активностите кои ги реализирале наведените сојузи. Во наведените активности доминираат прашања во чии фокус е жената и нејзината улога во одделни области, што впрочем и се совпаѓа со ставот дека токму СОЖМ е најуспешниот во својата работа споредено со другите наведени сојузи. Степенот на успешност на сојузот во реализирањето на конкретно наведениот проект, односно кампања, учесниците во анкетата различно го валоризираат. Имено, 36% од анкетираните наведената активноста на сојузот ја оценуваат како „неуспешна“, но истовремено идентичен е процентот на оние кои го мислат спротивното, односно дека сојузите биле главно „успешни“ – 22%, односно „многу успешни“ - 14%.*

# ГРАЃАНСКА ПЛАТФОРМА НА МАКЕДОНИЈА

Охрабрува фактот што **35%** од анкетираните организации велат дека *чуле за ГПМ и дека имаат позитивно мислење за неа*, а други **9%** имаат *мошне* позитивно мислење за неа. Спротивно, *негативно* **(1%)** или *мошне негативно мислење* **(1%)** имаат мал број анкетирани организации. Околу **21%** велат дека *чуле за ГПМ, но не знаат ништо за неа*, а **12,5%** *воопшто не слушнале за ГПМ*. Останатите 19% орга-низации не одговориле на ова прашање.

Охрабрува фактот што организациите кои се членки на ГПМ поизразено од другите имаат *позитивно (61%) или многу позитивно мислење (17%)* за неа. Анкетираните кои чуле за постоењето на ГПМ од медиумите, почесто од просечното велат дека не знаат ништо за Платформата (39%).

Изворите *од каде* анкетираните дознале за ГПМ најчесто се: *медиумите* **(15%),** *самите членки на ГПМ* **(8%),** *други организации* **(6%),** *веб-сајт* **(1%)** или *настан* **(5%)** или *друго* **(9%).** Околу **20%** од анкетираните организации чуле за ГПМ бидејќи *се самите нејзини членки.* Повеќе од една третина (или 37%) од анкети-раните не одговориле на ова прашање.

Но, како анкетираните ја доживуваат ГПМ? Близу **15%** сметаат дека таа е *транспарентен сојуз кој информира за своите активности и ги вклучува другите организации*. Исто така, **16%** веруваат дека таа е *сојуз во кој вреди да се верува и анкетираните би сакале да се зачленат*. ГПМ е исто оквалификувана како *активен сојуз* **(8%),** но и како: *затворен клуб на влијателни организации каде е тешко да се влезе* **(8%)**; како сојуз каде учеството на членките е *ограничено* **(4,5%);** како *идео-лошки (партиски) обоена организација* **(2%)**. Останатите организации (38%) не одговориле на ова прашање.

Повторно, организациите кои се самите членки на ГПМ сметаат дека Платформата е мошне активна (33%) и дека работи транспарентно (33%). Исто така, сојузите со седиште во градските центри (13%) сметаат дека ГПМ е активен сојуз. Сојузите со седиште во руралните средини (27%), сојузите кои дејствуваат на локално ниво (23%), како и анкетираните од женски пол (23%) почесто сметаат дека ГПМ е сојуз во кој вреди да се верува и посакуваат да бидат зачленети. Исто-времено, локал-

ните сојузи ја истакнуваат транспарентноста (27%) во работењето на ГПМ.

Запрашани да наведат кои организации се членки на ГПМ, нај-големиот број лица ги навеле ФИООМ и МЦМС, потоа СОЖМ, ПДАС „Меѓаши", АДИ, ДЕМ, ЦИРа итн. Сепак, постојат и такви анкетирани кои навеле и организации кои реално и не се членови во овој сојуз (платформа).

# Заклучоци

*Над 1/3 од анкетираните имаат слушнато за ГПМ и имаат позитивно мислење за неа или мошне позитивно (секој десетти). Секоја петта организација од анкетата знае за ГПМ бидејќи е и самата членка, но другите анкетирани навеле доста разнородни извори од каде чуле за оваа мрежа.*

*Околу 40% од анкетираните веруваат дека ГПМ е транспарентна, активна и дека вреди да се членува во неа. Сепак, одреден дел на анкетираните ја доживува како „затворен клуб на големите“.*

# ЗАКЛУЧОЦИ

**Општиот профил** на истражуваните сојузи прикажува дека нивни карактеристики се:

- претежно формално вмрежување и основање правен субјективитет;

- обезбедување ротирачко лидерство;

- назначување одговорни служби со работно ангажирани лица;

- основање канцеларии најчесто во Скопје, како главен град на државата;

- претежно дејствување на национално ниво;

Фокус на заедничките активности најчесто е **заедничката целна група (50%)**, а во помал дел (1/3) се определува *заедничко поле* на дејствување.

Интензитетот на меѓусебната комуникација и поливалентноста на интересите на половината од овие сојузи се одразува во **повеќекратното учество во повеќе од еден сојуз** (во опсег од членување во два, па сѐ до над три сојузи).

Главни белези на структурното организирање на овие сојузи се поседување заеднички:

- пишана програма за работа;

- **документи** (статути, правилници);

- етички кодекс;

- изградени критериуми за членство;

- критериуми за избор на раководни тела;

- подготовка на наративни и финансиски годишни извештаи.

И покрај тоа што во одговорите на анкетата организациите рефе-рираа на релативно добро поставена и развиена саморегулација, сепак впечатокот е дека реалноста не ја оддава таа слика. Помал број сојузи имаат соодветно изградена саморегулација, а врзано со неа потреба од го-лем иден ангажман е и градењето на транс-парентноста (меѓусебна и кон

јавноста), доверба во релациите и дух на реална соработка поставена на еднакви односи меѓу членките. Кодексите на однесување се сè уште во фаза на промовирана идеја, без нејзина широка примена и разработка. Затоа, впечаток е дека *саморегулацијата е повеќе сфатена декларативно, отколку што е дефинирана во реалноста*.

Односите меѓу членките на сојузите во глобала се окарактеризирани како **демократски** (иако кај некои има укажувања дека постојат „подредени" и „надредени" организации во однос на распределба на активностите и донесувањето одлуки).

**Изворите на финансирање** на сојузите се *разнородни*, но нешто поизразени се *странските* (странски донатори). Сепак, овие средства анкетираните ги сметаат за *недоволни*, што ја ограничува и ефикасноста во остварувањето на поставените цели на сојузите.

Не смее да се пренебрегне општата скепса која провејува во одговорите и се манифестира како *резервиран однос кон успешноста и ефектите од работењето на сите постојни сојузи* при остварувањето на своите цели. Од друга страна, кога се работи за *сопствениот сојуз,* испитаниците пројавуваат *многу попозитивен став* кон своето работење.

Комуникацијата со сродните или други актери сојузите ја реализираат:

- главно меѓусебно во рамките на државата;

- една третина меѓународно, првенствено на светско, потоа европско и на крајот на балканско ниво.

Комуникацијата (дијалогот) со **локалната самоуправа** најчесто е сведена само на *некои прашања*, а односите со **државата** се оценуваат како *доминантно просечни*. **Најчесто иницијативата за соработка произлегува од самите сојузи, а никогаш од државата.**

Значителен дел (**40%**) од сојузите имаат свои **сродни или „конкурентни"** сојузи, во зависност од областа во која дејствуваат. Истовремено, впечаток е дека во меѓусебните односи на сојузите се чувствува поделеност врз база на **партиско-политички влијанија** (60%).

Изненадувачки е што анкетираните не беа во состојба да ги препознаат проблемите со кои се соочува сојузот во кој членува нивната граѓанска организација, бидејќи **респектабилен број од нив не одговориле на ова прашање (83%).** Од оние, пак, кои издвоиле еден проблем, тој е најчесто **финансискиот**.

Според одговорите, најголемите **слабости** на сојузите се: довербата меѓу членките, градењето на капацитетите, комуникацијата и градењето капацитети.

Како најчесто наведувани **предности** на сојузите се јавуваат:

- можноста за подобрена промоција на заедничкиот интерес пред трети лица, организации или државата;
- подобрената и зголемената размена на информации, подобро запознавање со тоа што се случува тековно;
- зголемената свест за заедничките интереси;
- полесно пријавување на заедничките проекти и поголема ефикасност и организираност во работењето.

Од наведените области во кои се **најактивни** сојузите, најфреквентно се застапени: човековите права, образованието, невработеноста, сиромаштијата и меѓуетничките односи.

Конкретните примери преку кои сојузите ги реализираат своите активности се: **лобирање** во донесувањето одредени закони или нивно менување, потоа организирање различни **едукативни кампањи**, **кампањи за меѓуетничка** толеранција, **семинари,** учество во **подгот-вување** одредени **документи** (стратегии, акциски планови и сл.).

Резултатите или успесите, кои активистите сметаат дека произлегле од ваквото конкретно мрежно поврзување, најчесто се:

- свртувањето на вниманието на јавноста за проблемот;
- зголемувањето на капацитетот преку едукација, обука и сл.;
- креирањето заеднички документ (стратегија, програма и сл.);
- добивањето заеднички проект; и
- измената на или донесувањето нов одреден закон.

Од друга страна, сојузи (или практично мрежно поврзување) кои евентуално **недостасуваат** во одредени области се: *заштита на маргинализираните групи, борбата против корупцијата, образование, рурален развој, екологија и сл.*

Според анкетираните, **најактивни** сојузи се: СОЖМ, Сојузот на пензионерите, Граѓанската платформа на Македонија, Мост и др. Во Индексот на граѓанското општество се наведува дека секторите на синдикалните организации, спортските здруженија, пензионерските, еколошките и женските организации важат за консолидирани сектори за што се најзаслужни самите сојузи од тие сектори.

# ПРЕПОРАКИ

Несомнено, придонесот на сојузите во остварувањето определени цели е далеку поефикасен, во однос на индивидуалниот ангажман на одредена граѓанска организација. Промоцијата на одреден интерес и неговата артикулација секако има поголеми шанси да ефектуира некој конкретен резултат, што и досегашните активности на вмрежените организации во Република Македонија го покажаа тоа.

Јасно е дека обезбедувањето социјална кохезија, диверзифицирано и етаблирано граѓанско општество, децентрализиран и демократизиран систем на упра-вување на сојузите се клучните вредности коишто треба да бидат темел на повисоките форми на здружување во земјата. Комуникацијата, координацијата и соработката коишто всушност ги градат меѓусебните односи веќе ги направиле почетните чекори и се очекува да прикажат многу повеќе од досегашното. Можеби во таквите услови ќе се надмине чувството на маргинализираност на помалите граѓански организации во сојузите и нивната подреденост во однос на поголемите организации.

Воспоставените практики, принципи и стандарди базирани на партиципативност, транспарентност, отчетност и демократичност и понатаму ќе придонесуваат во зајакнувањето на капацитетот на граѓанскиот сектор без да му ја одземат индивидуалноста. На овој начин, сојузите ги „ферментираат“ политиките, предлозите, натамошните стратегии и настапи, но истовремено го градат капацитетот на граѓанскиот сектор и го мобилизираат истиот. Препорака е и понатаму да ги форсираат и применуваат досегашните позитивни искуства од работењето во сојузите.

Сепак, недостасува конкретната идентификација на слабостите кои продуцираат одредени незадоволства при функционирањето на сојузите и предизвикуваат неефикасност при нивната работа. Од тој аспект, потребна е подлабока внатрешна анализа и поголема самокритичност, а со цел да се надминат евентуалните слабости и да се форсира внатрешната демократија и функционалноста на сојузите.

Констатација е дека сојузите се мошне поефикасни кога се работи за итни состојби или за задоволување на **ад-хок** поставени или конкретно опипливи цели, *отколку активности на **подолги** патеки, долгорочно поставени*. Таа состојба делумно ја покажува и евентуалната *недоволна*

*зрелост и стратешко планирање на приоритетите во повисоките форми на здружувањето со цел поголема ефикасност и ефективност*. Сепак, остварените резултати на некои од овие сојузи заслужуваат пофалба и поттикнуваат понатамошен ангажман во оваа смисла што впрочем и ова истражување го потврди тоа. Имено, на сите отворени прашања најчесто како најактивни и најуспешни сојузи се издвоени токму овие мрежи.

Бидејќи приоритет во здружувањето на сојузи е доминантно насочувањето на активностите кон иста целна група, се смета дека недостасува промовирање во рамките на некој сојуз на глобалните статусни прашања на граѓанските организации. Евидентно дека таа улога во овој момент се стреми да ја има Граѓанската платформа на Македонија и како таква треба и понатаму да јакне и да се промовира. Преку неа и понатаму ќе се лобира за афирмација и артикулирање на интересите на секторот наспрема државата и другите општествени сегменти, како и остварување на што покомплетно системско приспособување на секторот (легални, фискални, партнерски и други интервенции). Оваа можност би требала исцрпно да се искористи, особено што таква слична мрежа со слична цел во државата не постои.

Во прилог на ова одат и добиените одговори, кои покажуваат дека расположението кон ГПМ е позитивно и впечаток е дека луѓето се задоволни од нејзината активност. Со оглед на искажаната поддршка, ГПМ е во состојба и понатаму да ги „влече“ и/или канализира процесите во секторот. Затоа, пожелно е во иднина да настапи како уште позначаен и повлијателен фактор во граѓанскиот сектор во Република Македонија. Би требало да се размисли и дали може да постои некаков дополнителен критериум да се вклучат евентуално и помали организации кои покажуваат интерес за работата на Платформата, а се со цел да се прошири бројот на мотивирани членови.

CIP – Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, Скопје

061.2(497.7)“2007”

ГАБЕР-Дамјановска, Наташа
Мрежите и коалициите во Македонија : општи трендови / Наташа Габер-Дамјановска. – Скопје : Македонски центар за меѓународна сорбаотка, 2007. – 59 стр. : 25 см.

ISBN 978-9989-102-57-8

а) Невладини организации – Форми на соработка – Македонија – 2007
COBISS.MK-ID 71056138